


# ЕКО-СВЕСТ

## ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЗМАМА И КОРУПЦИЈА И КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

2020

# ИЗМАМА И КОРУПЦИЈА

## 1. Цел и обем

Оваа политика има за цел да спречи измама и корупција преку силна посветеност на интегритетот, како и да ги намали ризиците преку обезбедување навремен одговор на сомневањата или настаните. Нашата способност да ги покажеме најдобрите практики за превенција и одговор на измамите ја гради довербата кај нашите поддржувачи и го заштитува нашиот бренд. Оваа политика се применува за сите активности управувани од Еко-свест, но и за нашите вработени и ко-изведувачи, како што се консултантите, волонтерите, или вработените во организации ангажирани од Еко-свест, како и за секое лице гостин во канцелариите на Еко-свест.

## 2. Дефиниции

Измамата е погрешно, злонамерно или криминално дело на измама од секој на кого му се доверени средствата на организацијата, а има за цел да резултира со неправедна добивка.

Корупцијата е чин на добивање предност од трета страна со злоупотреба на доверена моќ за приватна корист.

Поткуп (подолу) и мито (барање пари во замена за понуда на работа) се форми на корупција. Поткупот е чин на давање или примање на нешто вредно во замена за некакво влијание или дејство за возврат, коешто примателот инаку не би можел сам да го обезбеди.

Ниту измамата, ниту корупцијата, не се ограничени само на парична или материјална корист, туку може да вклучуваат и нематеријални придобивки, како што се статус или информации. Некои од примерите за тоа се:

- Кражба, злоупотреба, изнуда или проневера на средствата на Еко-свест, без разлика дали се работи за вработен во Еко-свест, договорна страна, партнер или добавувач.
- Плаќање на трета страна да поткупи државен службеник во име на Еко-свест
- Злоупотреба на средствата на организацијата (на пример, недозволена, приватна употреба на опремата на Еко-свест)
- Лажно прикажување на квалификации со цел добивање на вработување
- Фалсификување на финансиски или технички податоци, извештаи, изјави
- Кражба или злоупотреба на сопственички податоци или интелектуална сопственост
- Обезбедување на услуги или пари на судии или други владини службеници за остварување на личните цели на Еко-свест
- Прикривање на материјални факти, фалсификување, договарање или заговори со цел да се постигне било што од горенаведеното, вклучително и криење на судир на интереси

Во повеќето случаи, „олеснување на плаќањето“ на државен службеник за да се олесни одобрувањето на некоја легална деловна трансакција или активност, ќе се смета за поткуп и ќе се третира како такво. Во оваа Политика, терминот „измама“ се користи како најпогоден и се однесува на сето она напоменато погоре.

## 3. Политика

### 3.1 Превенција

Вработените во Еко-свест мора да поседуваат, како и да промовираат, високи стандарди на личен интегритет во согласност со нашиот Кодекс на однесување. Сите вработени мора да прават напори за спречување на измама со тоа што ќе се водат според политиките поврзани со употреба на средствата на Еко-свест, како што се, но не ограничувајќи се на:

- Набавка на услуги и стоки
- Патувања, подароци, гостопримство, состаноци и останати потрошувачки политики
- Политики за користење возила
- Ангажирање на консултанти и останати засегнати страни поврзани ангажирани за спроведување на активности
- Конфликт на интереси

Сите консултанти и останати договорни страни финансирани од Еко-свест (на пример, партнери во проектот) како дел од нивниот договор со Еко-свест треба да потпишат и Превенција од измама и корупција за договорните страни или некоја слична заложба.

Избегнување на поткуп: Под никакви околности не треба да се прават било какви исплати или давање на било какви вредности, ветувања или понуди на било кој вработен во владата или владин службеник во спротивност на важечките закони. Никакви плаќања или подароци од вредност не треба да се вршат, ветуваат или нудат, или пак да се прифаќаат од страна на вработени во владата/службеници за да: влијаат врз било кој официјален владин акт или одлука; поттикнуваат вработен во владата/службеник да направи или да одбие да направи нешто што е во спротивност со нивната законска должност; или пак, да стекне или задржи бизнис за, или да го насочи бизнисот кон, било кој поединец или ентитет.

### 3.2 Откривање

Надлежните во канцеларијата на Еко-свест ќе вршат силен надзор и контроли со цел да помогнат во откривањето на измами.

### 3.3 Непосредна акција

Еко-свест е организација посветена да реагира брзо и робусно на сите тврдења и настани за недолично однесување, вклучително и измама. Вработениот или договорната страна којшто е сведок на чин на измама е задолжен истиот веднаш да го

пријави до Извршниот директор и линискиот менаџер/координатор на проектот на вработениот. Извршниот директор е задолжен веднаш да ги пренесе сите наводни загрижености до Управниот одбор. Непријавувањето на проблем, попречувањето на друг да го пријави проблемот или одмазда кон информаторот може да резултира со дисциплинска мерка.

### 3.4 Одговор

Менаџерите/координаторите мора да преземат дополнителни клучни чекори покрај истрагата со цел да одговорат на одредена загриженост или настан:

- Третирајте го наводот или инцидентот и сите останати докази како високо доверливи;
- Заштитете ги информаторите од одмазда;
- Однесувајте се кон осомничените во согласност со принципот „сите се невини, сé додека не се докаже дека се виновни";
- Заштитете ги доказите (ставете ги документите, лаптопите итн. во заклучена област);
- Спречете понатамошна загуба или штета (на пример, запирање на плаќањата, промена на потписниците итн.);
- Одржувајте ги дневните функции на најдобро можно ниво и информирајте ги оние што треба да знаат дали операциите мора да бидат прекинати или променети;
- Информирајте ги донаторите коишто подлежат на влијание (ако се познати);
- Бидете информирани и почитувајте ги правилата поврзани со донаторите, кои може да наложуваат истите да бидат информирани во најраната фаза на потенцијална измама;
- Обезбедете задоволителна истрага на фактите (видете подолу).

### 3.5 Истражете и пријавете ги наодите

Извршниот директор во најидеален случај воспоставува истрага во рок од една седмица. Истраги можат да се вршат од внатрешна или надворешна страна: тие мора да имаат докажани, соодветни вештини, како и да бидат независни од вмешаните страни. Истрагите можат да бидат спроведени во фази, на пример, почетна фаза за да се поткрепат тврдењата, а потоа подетален преглед за целосно да се потврдат фактите. Обично, истрагата треба да биде завршена и извештајот поднесен во рок од 45 дена од денот на поднесување на наводот или загриженоста, а одложувањата надвор од овој рок треба да бидат писмено доставени до Управниот одбор. Видот на истрагата ќе зависи од многу фактори, вклучувајќи ја и материјалноста, како и сериозноста на настанот. Ние можеме, но не сме обврзани, да ангажираме форензичка истрага, која користи техники за да пронајде докази за граѓански или кривични истраги, а може да вклучува пребарување на компјутери, дискови и мобилни телефони, преглед на голема количина на податоци, интервјуирање на осомничени, итн. Истрагите мора да бидат документирани во извештај којшто ги вклучува следните елементи:

- Точното тврдење и како е тоа откриено;
- Позадина, детали (датуми, места, трансакции, итн.) и намера за поврзани дејствија;
- Истражни процедури (преглед на трансакции, интервјуа, посети на локации итн.);
- Веројатни причини поради кои настанот бил во можност да се случи;
- Загубата на организацијата и на засегнатите донатори (доколку е тоа релевантно);
- Научени лекции, како и препорачани или преземени активности за да се спречи нивно повторување

Дури кога измамата не е потврдена, слабите контроли и лошото управување треба да бидат пријавени.

### 3.6 Одговор на наодите

Последователно на истрагата, во најмала мера треба да бидат преземени следните дејствија:

- Повратете ги изгубените средства кога е тоа возможно
- Спречете повторување и унапредете ги слабите контроли или процеси
- Информирајте ги сите засегнати донатори
- Рефундирајте им ги сите загуби на засегнатите донатори
- Комуницирајте како што дозволува доверливоста и како што е соодветно за останатите вработени, донатори и засегнати страни

### 3.7 Дисциплинска постапка, враќање на загубите и затворање на случајот

Докажаната активност на измама ќе се третира како грубо недолично однесување и за секој ваков случај ќе се преземаат соодветни дисциплински мерки, вклучувајќи и раскинување на договорот, обид за враќање на проневерените средства, како и уверување дека лицето не може повторно да биде ангажирано од страна на Еко-свест. Без разлика дали некој надворешен соработник, или пак, вработен ја извршил измамата, Еко-свест го задржува правото да преземе граѓански, па дури и кривични дејствија со цел да ги поврати загубите. Исто така, дисциплински мерки ќе бидат преземени и за оние виновни за негрижа, заговор, прикривање итн. Сите преписки, извештаи и докази треба да се чуваат во организирано досие, како и да се води ажуриран дневник на случаи, почитувајќи ја доверливоста, безбедноста на информациите и правилата и прописите за заштита на личните податоци.

### 3.8 Следење на усогласеноста

Извршниот директор ќе креира процедури за следење со цел да се осигура дека оваа политика редовно се спроведува и почитува.

## 4. Одговорности

Управниот одбор и Извршниот директор сносат целокупна одговорност за да обезбедат дека менаџментот одржува и спроведува здрави системи за управување со ризиците, како и внатрешни контроли во согласност со оваа политика. Одборот е задолжен да открива на годишно ниво какви било трансакции поврзани со странки и конфликт на интереси. Извршниот директор е одговорен за:

- Пријавување на наводите до Управниот одбор

- Да воспостави процедури со кои се бара персоналот и ко-изведувачите да ја прочитаат и почитуваат оваа Политика; соодветно да одговори на наводите и инцидентите; и да преземе правни и/или дисциплински мерки против сторителите на измама или обид за измама, како и против оние кои се соучесници во таквите дела;

- Примање и евидентирање извештаи од „свиркачи“ и внатрешни извори;

- Следење на почитувањето на оваа Политика (на пример, следење на процесите, извршување проверки за да се обезбеди дека е завршена потребната обука и обврски итн.)

- Поддршка на процесите за одговор, како што се:

- Ажурирање на оваа политика од време на време во согласност со законските барања и најдобрите практики.

- Следење на регулаторните промени што можат да влијаат на оваа, или пак, на други внатрешни политики поврзани со истата.

- Информирање на Управниот одбор за наводите и усогласеноста на политиката.

Одговорностите на Менаџерот со ризици се следните:

- Обезбедува соодветен капацитет и вештини за решавање на дисциплински постапки. Кога Извршниот директор ќе побара, тој директно се вклучува во дисциплинските процеси;

- Води обуки за персоналот поврзани со свесност и посветеност кон оваа и други политики поврзани со истата.

Проектните координатори осигуруваат дека:

- Претставуваат вистински пример пред останатите, на пример, со видливо поддржување на оваа политика, мудро користење на средствата, почитување на правилата за набавка, откривање судир на интереси итн.

- Ги поддржуваат вработените да пријавуваат какви било наводи за измама или прекршувања на оваа политика.

- Вработените се запознаени со оваа политика и се обучени да ги почитуваат обврските поврзани со истата.

- Контролите препорачани при ревизии, прегледи или истраги се спроведуваат навремено на сите нивоа на коишто се применуваат.

- Ко-изведувачите се информирани и се обврзуваат кон Политиката (т.е. преку

склучување на договори), и доколку се смета за потребно, може да добијат обука за покревање на свеста.

- Веднаш постапува за секој сомнителен или вистинит настан на измама согласно процедурите наведени овде.
- Истрагите се вршат во согласност со политиката, а средствата се ставени на располагање за покривање на истрагите и трошоците за одговор.
- Одржува дневник за измама, како и за други тврдења и настани поврзани со интегритетот.
- На годишна основа, вработените ја потврдуваат посветеноста кон оваа политика; а новите кадри се запознаваат со истата.
- Спроведува проценка на ризик од измама и води регистар на ризик од измама, којшто редовно се ревидира.

Внатрешната ревизија дава независно уверување за ефективноста на сродните процеси, вклучувајќи:

- Преглед на процесите за превенција и откривање што ги воспоставува менаџментот.
- Дава препораки за подобрување на процесите.
- Ги води или помага во таквите истраги кога тоа ќе го побара високото раководство.
- Го зема в предвид ризикот од измама при секоја ревизија.

Секој член на персоналот мора целосно да ја почитува оваа политика, вклучувајќи:

- Обезбедува дека средствата под контрола на Еко-свест се заштитени и се користат во согласност со политиките;
- Веднаш пријавува сомнеж за извршена измама или во случај да забележи слаби процедури коишто можат резултираат во можност за измама;
- Соработува во какви било активности поврзани со истрагите за измама (на пример, интервјуа, обезбедување документација итн.);
- Проследување и посветеност на сé што наложува оваа Политика на годишно ниво, или онолку често на колку што ќе упати раководството.

# КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

## 1. Цел и обем

Оваа политика е креирана со цел да ги намали репутациските, финансиските и правните ризици коишто би можеле да произлезат од вистински или претпоставен судир на интереси како што е дефинирано во овој документ. Се однесува на вработените, членовите на одборот, консултантите, волонтерите, практикантите, соработниците и организациите финансирани од страна на Еко-свест.

## 2. Дефиниции и примери

Конфликтот на интереси е ситуација во која поединецот има конкурентен интерес, лојалност или верност („интереси“). Конфликтот на интереси не мора да подразбира дека се случил некаков неправилен или незаконски чин, но создава ризик дека некој поврзан со Еко-свест може да биде под неоправдано влијание од страна на друг интерес којшто може да му наштети на Еко-свест. Доколку член на управниот одбор на Еко-свест, вработен, волонтер, консултант, или пак, вработен во организација финансирана од страна на Еко-свест, всушност направи нешто со цел да има корист спротивно од интересите на Еко-свест, таквите активности може го нарушат интегритетот и доверливоста на Еко-свест, создавајќи репутациски, правни и финансиски ризици.

## 3. Политика

Вработените не треба да се вклучуваат во надворешни активности коишто материјално влијаат врз обврските кон Еко-свест, создаваат конкуренција со нашите активности, го загрозуваат угледот или активностите на Еко-свест, или кои ги вклучуваат средствата или капацитетите на Еко-свест, или пак, подразбираат поддршка на таквите активности од страна на Еко-свест. Вработените мора да ги обелоденат потенцијалните или вистинските судири на интереси кај нивниот претпоставен, како и пред високото раководство штом ќе се забележат таков конфликт, како и кога менаџментот ќе побара да се предочат такви информации, најчесто на годишна основа. Вработените вклучени во регрутирање на персонал или набавка на добра или услуги (на пример, консултанти), мора да откријат какви било конфликти на интерес коишто произлегуваат (на пример, кога пријатели или роднини ги предлагаат нивните услуги) во моментот на откривање на конфликтот на интерес.

Конфликтот на интереси се објавува во писмена форма до претпоставениот на вработениот (проектен координатор, извршен директор, како што е потребно). Договорните страни ќе го објават конфликтот на интереси во писмена форма до Извршниот директор на Еко-свест.

Секој вработен којшто нема навремено да го обелодени конфликт на интерес ќе биде предмет на дисциплинска мерка и можно раскинување на договорот за вработување. Договорната страна за која е утврдено дека свесно не открила конфликт на интерес, ќе биде предмет на дисциплинска постапка, па и можен прекин на договорот, или во одредени случаи покревање на правна постапка.

Персоналот треба да се консултира со својот претпоставен или проектен координатор за какви било прашања кога врските или трансакциите би можеле да претставуваат конфликт на интереси. Вработените и договорните страни треба да покренуваат прашања за конфликт на интереси од страна на други коишто би можеле да му наштетат на Еко-свест.

## 4. Одговорности

Управниот одбор и Извршниот директор сносат целокупна одговорност со цел да обезбедат дека менаџментот ја спроведува оваа политика. Исто така, од членовите на одборот се бара да ги обелоденат трансакциите поврзани со субјектите, како и конфликтот на интереси.

Извршниот директор е одговорен за обезбедување на процедури за спроведување на оваа политика, како и да одговори на какви било прекршувања поврзани со истата. Извршниот директор е одговорен за:

- Одржување и давање на совети поврзани со оваа политика.
- Следење на почитувањето на оваа Политика (на пример, редовно следење на процесите, извршување проверки со цел да се обезбеди дека вработените, добавувачите и членовите на одборот ја следат потребната обука и обврски;
- Следење на регулаторните промени што можат да влијаат на оваа, или пак, на други внатрешни политики поврзани со истата;
- Обезбедува дека е воспоставен процес со цел добивање и давање одговор на предочените конфликти на интерес од страна на вработените, како и дека се спроведуваат соодветни дисциплински мерки во случај на прекршување на политиката.
- Обезбедува дека вклучувањето на сите нови вработени подразбира свесност за политиката на конфликт на интереси.

Проектните координатори мора да обезбедат:

- Сите вработени и договорни страни се свесни, договорно обврзани и ја почитуваат оваа политика.
- Во соработка со Извршниот директор, е даден соодветен одговор на обелоденетите конфликти на интерес.
- Назначува персонал како фокусна точка со цел да ги поддржи во исполнувањето на нивните должности.

Внатрешната ревизија дава независно уверување за ефективноста на процесите коишто се поставени со цел спроведување на оваа политика.

Секој член на персоналот мора целосно да ја почитува оваа политика, вклучувајќи:

- Обелоденување на какви било потенцијални или реални конфликти на интерес на годишно ниво или кога ќе се појави нов потенцијален конфликт на интереси.
- Искажува загриженост до раководството доколку постои сомнение дека конфликтот на интереси не бил откриен од страна на друг вработен или договорна страна.

Непочитувањето на оваа политика може да доведе до дисциплинска постапка, вклучително и до разрешување. Кога станува збор за консултант или ко-изведувач, непочитувањето на оваа политика ќе претставува прекршување на договорот и ќе резултира со итно раскинување на договорот со Еко-свест. Покрај тоа, ваквите

прекршувања може да доведат и до покренување кривична и/или граѓанска постапка против изведувачот.